Врз основа на член 39 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/2002год.) и член 33 од Деловникот на Советот на Општина Свети Николе ("Службен гласник на Општина Свети Николе" бр. 2/06) , Претседателката на Советот на Општина Свети Николе на ден 07.03. 2023 година донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за свикување на дваесетишестата редовна седница на Советот на Општина Свети Николе**

Дваесетишестата редовна седница на Советот на Општина Свети Николе ќе се оддржи на ден **13.03. 2023 година (понеделник) со почеток во 14:00 часот** во советничкта сала на Општина Свети Николе.

За седницата го предлагам следниот

**Д н е в е н р е д**

Усвојување на Записник од дваесетипеттата редовна седница на Советот на Општина Свети Николе одржана на ден 22.02. 2023 година;

**Точка 1**
Предлог – Одлука за кофинансирање на Општина Свети Николе во врска со Јавниот повик за прибирање на предлог проекти за развој на селата од Програмата за рамномерен регионален развој за 2023 година со индикативно планирани средства за 2024 годинаод страна на Бирото за регионален развој;

**Точка 2**
Предлог – Одлука за кофинансирање на Општина Свети Николе во врска со Јавниот повик за прибирање на предлог проект за развој на урбаните подрачја и одржлив и урбан развој од Програмата за рамномерен регионален развој за 2023 со индикативно планирани средства за 2024 годинаод страна на Бирото за регионален развој;

**Точка 3**
Предлог – Одлука за кофинансирање на Општина Свети Николе во врска со Програмата за регионален развој за 2023 година со индикативно планирани средства за 2024годиназа доставување на предлог проект „Затворено спортско игралиште во СОУ Кочо Рацин, општина Свети Николе со технички број П.В.39.21";

**Точка 4**
Предлог – Одлука за дообезбедување средства за набавка на лесно теренско возило за потребите на ТППЕ Свети Николе;

**Точка 5**

Предлог – Одлука за давање согласност на Одлука за отпис на средства и опрема кои се ставени вон употреба;

**Точка 6**

Предлог – Одлука за измена и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Свети Николе;

**Точка 7**

Предлог – Одлука за давање согласност на Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување цени за продажба на трговски добра и услуги на ЈП „Погребални услуги„ Свети Николе;

**Точка 8**

Измена и дополнување на Програма за поставување урбана опрема на јавни површини во општина Свети Николе за период од 2023 година до 2027 година;

**Точка 9**

Измена и дополнување на Годишен план за вработување на Јавната општинска установа за деца - Детска градинка „Рахилка Гонева„ Свети Николе за 2023 година;

**Точка 10**

Годишен извештај за работењето за 2022 година на Општина Свети Николе;

**Точка 11**

Консолидирана Завршна сметка на Буџетот на локална самоуправа на Општина Свети Николе за 2022 година;

**Точка 12**

Завршна сметка за ЈКП „Единство„ ПО Свети Николе за период од 01.01. 2022година до 31.12.2022 година;

**Точка 13**

Завршна сметка на ЈКП „Комуналец„ Свети Николе за 2022 година;

**Точка 14**

Извештај за материјално-финансиското работење со завршна сметка на ЈП „Погребални услуги" Свети Николе за период од 01.01.2022 година до 31.12.2022 година;

**Точка 15**

Завршна сметка на ОУ Народен Музеј Свети Николе за 2022 година;

**Точка 16**

Завршна сметка на ОУ Дом на култура „Крсте Мисирков „ Свети Николе за 2022 година;

**Точка 17**

Завршна сметка на Јавната општинска установа за деца - Детска градинка „Рахилка Гонева„ Свети Николе за 2022 година;

**Точка 18**
Завршна сметка на СОУ „Кочо Рацин„ Свети Николе за 2022 година;

**Точка 19**
Завршна сметка на ООУ „Кирил и Методиј„ Свети Николе за 2022 година;

**Точка 20**
Завршна сметка на ООУ „Гоце Делчев„ Свети Николе за 2022 година;

**Точка 21**
Завршна сметка на ООУ „Даме Груев„ с. Ерџелија за 2022 година;

**Точка 22**
Годишен извештај за информации од јавен карактер;

**Точка 23**
Барање финансиска помош од лицето Г.З.;

**Точка 24**
Барање финансиска помош од лицето З.И..;

Бр.0801- **342**
**07.03. 2023** година
Свети Николе

**Совет на Општина Свети Николе**
**Претседател,**
**Валерија Ивановска**